РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
ENTI SHTETËROR PËR STATISTIKË
Бр.-Nr. 32-47/1
11.01. 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), Државниот завод за статистика со седиште на ул."Даме Груев" бр.4 - Скопје, претставуван од директорот Апостол Симовски, тел.02/3295-600, факс:3111 336, е-пошта: info@stat.gov.mk, го подготви следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## (од 01.01.2021 до 31.12.2021)

1. Податоци за службените лица задолжени за посредување на информации кај имателот на информации Државен завод за статистика:

- Кристина Рочевска, советник за правни работи и официјална статистика, Одделение за правни работи и официјална статистика, Сектор за поддршка на работењето на директорот, тел. 02/ 3295-771
- Бранко Хиниќ, советник за координирање на работењето на директорот, Одделение - кабинет на директорот, Сектор за поддршка на работењето на директорот тел.02/3295-668

2. Број на примени барања – 9

1.

1. Колку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер добивте во периодот од 1 до 31 декември 2020 година?
2. Од вкупниот број на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер добиени во периодот од 1 до 31 декември, на колку барања одговоривте потврдно - за колку барања информациите беа целосно одобрени и за колку информациите беа делумно дадени?
3. Од вкупниот број на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер добиени во периодот од 1 до 31 декември, колку барања одбивте?

2.

1.Во согласност со Методологијата за Попис на населението, домаќинствата и становите во РСМ, 2021 год., како се генерира податокот за пол ?
2.Во согласност со Методологијата за Попис на населението, домаќинствата и становите во РСМ, 2021 год., на што се однесува податокот за брачната состојба?
3.Во согласност со Методологијата за Попис на населението, домаќинствата и становите во РСМ, 2021 год., како може да се обезбеди податок за лицата кои живеат во истополови вонбрачни заедници.

4. Положбата на лицето во семејството?

3.

1.Доставете дигитална копија од пописниот образец применет на Пописот 2021 год. со вклучени можни /понудени одговори за секое прашање во образецот.

2.Доставете дигитална копија/скен од пописниот образец применет на прекинатиот Попис,2011 со вклучени можни /понудени одговори за секое прашање во образецот.

3. Доставете дигитална копија/скен од пописниот образец применет на Попис, 1994 со вклучени можни /понудени одговори за секое прашање во образецот.

4. Доставете дигитална копија/скен од пописниот образец применет на Попис, 1991 со вклучени можни /понудени одговори за секое прашање во образецот.

5.Дали во пописните циклуси од 1991, 1994, 2011 и 2021 година се прави разлика помеѓу категориите етничка припадност, национална припадност и државјанство? – дефиниција

6.Дали во пописните циклуси од 1991, 1994, 2011 и 2021 граѓанинот можеше да се идентификува со повеќе од една етничка припадност?

7.Кои одговори ги имаше понудено во образецот/електронскиот систем за прашањето на етничка припадност на граѓанинот, во пописните циклуси од 1991, 1994, 2011 и 2021?

8.Дали граѓаните беа прашани да се изјаснат за мајчин јазик, јазик на кој вообичаено се зборува во домаќинството, двете или беше користена друга формулација која се однесува на јазик во пописните циклуси од 1991, 1994, 2011 и 2021?

9.Кои одговори ги имаше понудено во образецот/електронскиот систем за прашањето на јазик на граѓанинот, во пописните циклуси од 1991, 1994, 2011 и 2021?

10.Во Методологијата за подготовка, организирање и спроведување на Попис на населението, домаќинствата и становите во РСМ, 2021, во делот 6.2 Религија е наведено – лицето што се попишува може по сопствена волја да даде одговор на ова прашање, независно дали е запишан во книгата на припадниците на некоја вероисповед. Колку и кои книги на припадници на вероисповед постојат? Кој ги води овие регистри и дали Заводот има пристап до нив?

11.Кои одговори ги имаше понудено во образецот/електронскиот систем за прашањето на религија на граѓанинот, во пописните циклуси 1991, 1994, 2011 и 2021?

12.Доставете информација за претпописна база ПП на податоци, односно кои административни извори се користат за различните белези за единиците на Пописот спроведен во 2021?

13.Доставете копија од Упатство за начинот на попишување за сите учесници во пописот, донесено согласно точка 10.1 од Методологијата за подготовка, организирање и спроведување на Пописот, 2021?

14.Доставете дигитална копија од Програмата за обработка и објавување на податоците од Пописот, согласно член 17 став 1 од Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во РСМ, 2021?

15.Доставете дигитална копија од Методологија за Пописот со дефиниции на единиците што се попишуваат и белезите за кои се прибираат податоци, согласно член 17 став 2 од Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во РСМ, 2021?
16.Доставете дигитална копија од Упатството за ревизија на границите на просторните единици за Попис, согласно член 24 од Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во РСМ, 2021?
17.Доставете листа на носители на збирки на податоци, во смисла на член 18 од Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во РСМ, 2021?
18.Доставете дигитална копија од Комуникациската стратегија за Пописот, согласно член 45 од Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во РСМ, 2021?
4.
1. Колку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер добивте во периодот од 1 до 31 декември 2020 година?
2. Од вкупниот број на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер добиени во периодот од 1 до 31 декември, на колку барања одговоривте потврдно - за колку барања информациите беа целосно одобрени и за колку информациите беа делумно дадени?
3. Од вкупниот број на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер добиени во периодот од 1 до 31 декември, колку барања одбивте?
5.
Документи за јавна набавка на печатарски услуги бр.00470/2021.
6.
Договор за изготвување на апликација за самопопишување на дијаспората со компанијата Скеил Фокус.
7.
1.Копија од информација за број на компании од секторот за угостителство и туризам кои се поддрачани од мерката за субвенционирање на социјалните придонеси за периодот од 11 март до 1 декември 2020 година.
2.Копија од информација за број на угостителско–туристички компании кои аплицирале за субвенционирање на социјални придонеси за периодот од 11 март до 1 декември 2020 година, разделени по месеци и региони.
3.Копија од информација за бројот на компании кои аплицирале и ги исполниле условите за мерките за субвенционирање на социјалните придонеси за период од 11 март до 1 декември 2020 година.
8.
1.Број на добиени барања за СПИЈК во 2021
Број на барања за СПИЈК за кои имате дадено
-целосно одбиен пристап до бараната информација
-делумно одбиен пристап до бараната информација
-одбиено пристап до бараната информација
2.Вкупен број на информации кои се означени со некој од степените за класификација на информацијата во 2021
-степен државна тајна

-строго доверливо
-доверливо
-интерно
-за ограничена употреба
3.Вкупен број на информации чиј рок е продолжен поради доверливост на податокот во 2021 год.

9.
1.Согласно закон за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија од 2021 година - член 26 како стручно тело за спроведување на пописот; Дали во Советот за Статистика на Република Северна Македонија кој што ќе биде највисокиот орган при спроведувањето на пописот има член-претставник од турската заедница и дали согласно Устав член 8 кој што се смета како еден од темелните вредности на државата е заштитена правичната застапеност на Турската заедница?
2.Како државен орган кој што ќе го спроведува Пописот во Република Северна Македонија, во Државниот завод за статистика колку е застапена турската заедница согласно со Уставно загарантирано право – правичната застапеност?
3.Во кои реонски пописни комисии има членови од турска националност?
4.Дали и како е запазен принципот на правична застапеност во пописните комисии?
5.Како се пресметуваат процентите според етничката припадност во сите комисии за сите заедници?
6.Дали и кога на веб – сајтот на Државен завод за статистика ќе биде вметнат и турскиот јазик?
7.Дали и кога пописните / промотивните материјали ќе бидат испечатени / промовирани и на Турски јазик?

3. Број на позитивно одговорени барања – 9

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање /

5. Број на неодговорени барања /

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација) /

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата /

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата /

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање /

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање /.

**Линкови**

1. www.stat.gov.mk
2. stat.gov.mk- Za nas
3. stat.gov.mk - Kontakti
4. stat.gov.mk – Sloboden pristap do informacii od javen karakter

5. www.stat.gov.mk - Sloboden pristap do informacii od javen karakter – Zastiteno vnatre[no prijavuvanje

6. www.stat.gov.mk – Za nas - Vraboteni
7. www.stat.gov.mk - Za nas – Zakonski osnovi
8. www.stat.gov.mk – Za nas

9. www.stat.gov.mk – Za nas - Organizacija
10. www.stat.gov.mk - Za nas – Upravuvacki dokumenti
11. www.stat.gov.mk - Za nas – Upravuvacki dokumenti
12. www.stat.gov.mk - Relevantni dokumenti
13. www.stat.gov.mk - Relevantni dokumenti
14. www.stat.gov.mk - Relevantni dokumenti
15. www.stat.gov.mk – Statistiki - Publikacii
16. www.stat.gov.mk – Informacii od javen karakter – Odluka za utvrduvanje na nadomestok za materijalni trosoci za dadenata informacija
17. www.stat.gov.mk – Sloboden pristap do informacii od javen karakter
18. www.stat.gov.mk – bjn.gov.mk
19. www.gov.mk – Za nas – Programa za statisticki istrazuvanja

20. www.stat.gov.mk - Relevantni dokumenti – Izvestai za rabota
21. www.stat.gov.mk - Statistiki – Publikacii - Aktivnosti
22. www.stat.gov.mk – Statistiki – Publikacii – Aktivnosti – Korisnicka poddrska – Za nas

Државен завод за статистика

Директор
Апостол Симовски

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
ENTI SHTETËROR PËR STATISTIKË
Скопје - Shkup